**20251352974**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за стоковните резерви,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2025 година.

Бр. 08-3698/1
27 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 77/2009, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 74/24) членот 6 се менува и гласи:

„Набавката на производи за стоковните резерви се врши согласно со прописите со кои се уредуваат јавните набавки и класифицирани информации, освен во случаите кога се врши откуп на земјоделски производи од производителите на земјоделски производи или кога примената на постапка за јавна набавка би довела до откривање класифицирани податоци, за што Владата носи посебна одлука.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.